

# КОРИСТЕЊЕ НА BOINGO:

# НАЈАВА ПРЕКУ ПРЕБАРУВАЧ

# НАЈАВА ПРЕКУ **ПРЕБАРУВАЧ**




Во Wi-Fi поставките на вашиот уред, проверете ги достапните hotspot локации и од листата изберете **Boingo hotspot**. Потоа, отворете веб пребарувач и изберете ја веб страната која сакате да ја посетите. Автоматски ќе бидете пренасочени кон Wi-Fi landing страната. Изберете **‘Log in’**.




За да се поврзете, внесете го Вашето **Boingo** корисничко име и лозинка. Доколку го имате заборавено корисничкото име или лозинката, кликнете го линкот во делот за логирање за да ги добиете повторно.




Доколку почетната страна е на некој од партнерите на Boingo (на пример Charter или China Mobile), користете ја опцијата “roaming”или “other operators” за да го селектирате Boingo пред да се обидете да се логирате.

boingo

УНИ Банка
Твојата Банка

mastercard

# КОРИСТЕЊЕ НА BOINGO:

# WI-FINDER АПЛИКАЦИЈА



# iOS ЧЕКОР 1: СИМНУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА И НАЈАВА




Во App Store пребарајте **“Boingo Wi-Finder”**. Изберете **“Get”** за да ја симнете и инсталирате апликацијата на Вашиот уред. Доколку вашиот уред не е поврзан на Wi-Fi, при симнување или користење на апликацијата, истото може да генерира трошок кон мобилниот оператор.




Отворете ја апликацијата и изберете ја опцијата **“Have an account? Sign In”**. Не избирајте “Don’t have an account? Subscribe” бидејќи оваа опција ќе ве упати да купите нова сметка преку iTunes. Доклку немате сметка, прво треба да се регистрирате на **mastercard.boingo.com**.




Внесете го Вашето корисничко име и лозинка и изберете **“Sign In”**. Не избирајте “Restore iTunes Purchase” бидејќи оваа опција е само за корисници кои ја имаат купено сметката преку iTunes.

boingo

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

УНИБанка Твојата Банка

mastercard

# iOS ЧЕКОР 2: НАЈДИ HOTSPOT ЛОКАЦИЈА СО МАПА




За да пристапите до мапата со Hotspot локации, кликнете на иконата во горниот десен агол.




Користете ја мапата за да ги лоцирате hotspot локациите кои се во Ваша близина. Може да пребарате и други локации преку иконата за пребарување во горниот десен агол.




Изберете одреден пин на мапата за да добиете повеќе информации за конкретна hotspot локација и насоки како да дојдете до истата. Деталите се прикажани на мапата

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

# iOS ЧЕКОР 3: ПОВРЗУВАЊЕ




Изберете “Check for Boingo Wi-Fi”, со што ќе бидете директно пренасочени кон Wi-Fi поставките на Вашиот уред.




Осигурете се дека Wi-Fi опцијата е вклучена на Вашиот уред и потоа одберете ја Boingo Hotspot мрежата. Имајте предвид дека партнерските оператори нема да содржат “Boingo” во името на мрежата – имињата на овие мрежи ќе бидат нотирани со ознака “**Check for Boingo Wi-Fi**”.




Вратете се на апликацијата Wi-Finder и одберете **“Get On line Now”**.




Оваа слика на Вашиот уред значи дека успешно сте конектирани на **Boingo hotspot**.

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

# ANDROID ЧЕКОР 1: СИМНУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА И НАЈАВА




Во Google Play апликацијата, пребарајте “Boingo Wi-Finder”. Кликнете “Install” за да ја симнете и инсталирате апликацијата. Доколку вашиот уред не е поврзан на Wi-Fi, при симнување или користење на апликацијата, истото може да генерира трошок кон мобилниот оператор.




Прочитајте го договорот – **“Boingo’s customer agreement and end user license agreement”**, потоа изберете **“Agree”**.




Кликнете на “**Grant Permissions”** за да му дозволите на Wi-Finder да пристапи на локацијата на Вашиот уред.




Ќе бидете пренасочени кон Вашите поставки каде треба да ја вклучите опцијата **“Allow modify system settings”**на ON.




Кога ќе се појави овој прозорец, кликнете **“Allow”** за да му дозволите на Wi-Finder-от да пристапи на локацијата на Вашиот уред.




Отворете ја апликацијата и изберете ја опцијата **“Have an account? Sign In”**. Не избирајте ‘Don’t have an account?’. Доклку немате сметка, најпрво е потребно да се регистрирате на mastercard.boingo.com.

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

# ANDROID ЧЕКОР 2: НАЈДИ HOTSPOT ЛОКАЦИЈА СО МАПА




За да пристапите до мапата со Hotspot локации, кликнете на иконата во горниот десен агол.




Користете ја мапата за да ги лоцирате hotspot локациите кои се во Ваша близина. Може да пребарате и други локации преку иконата за пребарување во горниот десен агол.




Изберете одреден пин на мапата за да добиете повеќе информации за конкретна hotspot локација и насоки како да дојдете до истата. Деталите се прикажани на мапата

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

# **ANDROID** ЧЕКОР 3: ПОВРЗУВАЊЕ




Кога се наоѓате во опсег на Boingo hotspot локација, кликнете “Get Online Now!”.




Почекајте додека апликацијата се поврзува на hotspot.




Оваа слика на Вашиот уред значи дека успешно сте конектирани на **Boingo hotspot**.

boingo

Забелешка: За да ја симнете апликацијата и да пребарувате hotspot локации, потребно е да бидете поврзани на Wi-Fi или на мобилен интернет.

УНИБанка Твојата Банка

mastercard



## КОРИСТЕЊЕ НА BOINGO:

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ - ПРЕБАРУВАЧ







Во текот на летот, вклучете Wi-Fi на Вашиот уред, проверете ја достапноста на hotspot и изберете hotspot кој е нотиран со “Check for Boingo Wi-Fi”. За време на летот, можете да имате пристап само кога авионот е над 10.000 стапки над земја, но не е во функција кога авионот е на земја.

Отворете го пребарувачот и изберете ја посакуваната веб страна за да бидете пренасочени кон почетната страна за да се најавите.

Изберете **“Sign In”** и внесете го CAPTCHA кодот за да продолжите понатаму.

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ - ПРЕБАРУВАЧ




Одете на делот ‘Roaming’ на почетната страна. Овој дел може уште да биде означен и како мрежни партнери или мрежни оператори.




Изберете Boingo од листата на роамиг партнери.

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ - ПРЕБАРУВАЧ







Внесете го Вашиот Boingo корисничко име и лозинка и кликнете на “Submit”. Како што е наведено на страната, корисниците на MasterCard картичките се ослободени од дополнителни трошоци, односно наведените цени во овој случај не важат.

Сега сте поврзани на **Boingo Wi-fi hotspot**. Доколку поврзувањето не е успешно, ќе се појави порака со грешка.

boingo

УНИБанка Твојата Банка

mastercard

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ – WI-FI FINDER АПЛИКАЦИЈА

Имајте предвид дека пристапот преку Wi-Finder апликацијата може да не функционира на сите летови. Доколку не е достапен ваквиот пристап на избраниот лет, обидете се да се поврзете преку пребарувач користејќи ги упатствата во претходниот дел.




Додека сте во лет, вклучете го на ON Airplane Mode на Вашиот уред.

Пристапот е достапен само кога авионот е над 10.000 стапки над земја, но не е во функција кога авионот е на земја.




Вклучете го Wi-Fi ON и селектирајте ја мрежата означена како **“Check for Boingo Wi-Fi”**.




Отворете ја Boingo Wi-Finder апликацијата и изберете **“Get Online Now”**.




Изберете **“Connect”** на страницата каде е наведено дека може да се појават дополнителни трошоци. Корисниците на MasterCard картички се ослободени од дополнителни трошоци, односно наведените цени во овој случај не важат.

# ЗА ВРЕМЕ НА АВИОНСКИ ЛЕТ – WI-FI FINDER АПЛИКАЦИЈА




Внесете го CAPTCHA кодот за да продолжите.




Кога ќе се појави оваа слика на Вашиот уред успешно сте конектирани на **Boingo Wi-Fi hotspot**.